**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 08-35
05.02. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 13/16, 142/16 и 132/17), а во врска со член 80 став 5 од истиот Закон, во согласност со член 14 Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија", бр.62/06 и 150/10), по повод Пресудата на Управниот суд У-3 бр.301/2016 година, потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УЖ-2.бр.837/2017 од 19.12.2017 година (наш Уп1 бр.08-55 од 09.01.2018 година), согласно Заклучокот на Советот, бр.02-566/3 од 05.02.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4-та седница одржана на 05.02.2018 година донесе:

# ОДЛУКА
## за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за радио емитување, бр.08-97 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради неплатен годишен надоместок за дозвола за радио емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2016-100-0087 (наш арх.бр.05-190/1 од 08.01.2016 година).

2. Фактурата бр.2016-100-0087 (наш арх. бр.05-190/1 од 08.01.2016 година) се сторнира, а за периодот од 05.01.2016 година до 29.02.2016 година, кога ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар обавувал дејност, му се издава нова Фактура бр.2016-100-0139 (наш арх.бр.05-1447/1 од 15.03.2016 година).

3. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

4. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар беше имател на дозвола за радио емитување, бр.08-97 од 05.01.2015 година, за

емитување на локално ниво за подрачјето на градот Дебар, радио програмски сервис, музичко-говорно радио од општ формат, на албански јазик.

Согласно член 80 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 13/16, 142/16 и 132/17), за дозволата за телевизиско или радио емитување радиодифузерите, со исклучок на јавниот радиодифузен сервис, плаќаат годишен надоместок на сметка на Агенцијата согласно со овој закон. Годишниот надоместок се плаќа за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата (член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Во однос на надоместокот за доделената дозвола за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, бр.08-97 од 05.01.2015 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 08.01.2016 година, му достави фактура за надоместокот за дозволата, бр.2016-100-0087 (наш.арх.бр.05-190/1), согласно која радиодифузерот имаше обврска да плати 14.225,00 (четиринаесетилјадидвестотинидваесетипет) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување, за периодот од 05.01.2016 година заклучно со 04.01.2017 година. Фактурата е доставена до Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар на 13.01.2016 година во електронска форма, на е-маил адресата на која наведениот радиодифузер остварувал кореспонденција со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно член 27 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата врши административен надзор, кој се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него (член 29 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Агенцијата изврши административен надзор на работењето на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар од аспект на исполнување на обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозволата, при што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-864/1 од 12.02.2016 година, констатираше дека наведениот радиодифузер не ја исполнил законската обврска пропишана во член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, според доставената Фактура бр.2016-100-0087 од 08.01.2016 година, ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, имаше обврска да плати 14.225,00 денари (четиринаесетилјадиидвестедваесетипет) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2016 година заклучно со 04.01.2017 година. Во цитираниот Писмен извештај за извршен административен надзор, беше констатирано дека заклучно со 11.02.2016 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот за дозволата за радио емитување, за периодот од 05.01.2016 година заклучно со 04.01.2017 година, ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, не извршил уплата во износ од 14.225,00 денари (четиринаесетилјадиидвестедваесетипет) денари.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека доколку се констатира непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавачот на медиум, директорот на Агенцијата може да преземе мерка односно да достави предлог до Советот на Агенцијата за одземање на дозволата.

Согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување, пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку имателот на дозволата не го плати надоместокот во законски утврдениот рок.

Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја покренува Советот по предлог на директорот на Агенцијата.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, согласно која имателот на дозволата, Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, во законски определениот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполни обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно имателот на дозволата не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, врз основа на член 83 став 1, а во врска со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, достави Предлог Уп1 бр.08-55 од 15.02.2015 година, за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 7-ма седница одржана на 16.02.2016 година, со Заклучокот, бр.02-871/27 од 16.02.2016 година, го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-55 од 15.02.2016 година, за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, доставен од предлагачот, Директор на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, бр.08-97 од 05.01.2015 година, а согласно член 82 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата достави Известување до наведениот радиодифузер (Уп1 бр.08-55 од 17.02.2016 година) во кое му беше укажано дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за вршење радио емитување согласно член 83 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-55 од 15.02.2016 година, ќе донесе одлука за одземање на неговата дозвола за радио емитување, по што согласно член 85 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери. Известувањето Уп1 бр.08-55 од 17.02.2016 година, беше испратено до ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, во писмена форма преку „Македонска пошта" Скопје, како и во електронска форма на 29.02.2016 година, на електронската адреса регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на Република Македонија.

Во согласност со член 83 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на Директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, бр.08-97 од 05.01.2015 година, и во рокот од 15 дена од денот на приемот на Предлогот Уп1 бр.08-55 од 15.02.2016 година од страна на Советот на Агенцијата, не ја исполни обврската предвидена во член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот на Агенцијата, бр.02-1148/12 од 07.03.2016 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-55 од 07.03.2016 година со

која се одзема дозволата бр.08-97 од 05.01.2015 година за радио емитување на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, поради тоа што имателот на дозволата не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок. Согласно член 84 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, се утврди дека наведената одлука за одземање на дозволата за радио емитување е конечна, дека против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием, како и дека постапката пред надлежниот суд е итна.

Согласно член 24 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година, доколку имателот на дозволата за телевизиско или радио емитување не изврши плаќање на надоместокот, по доставената фактура во рокот наведен во став 3 на овој член од Правилникот, истата се сторнира и му се издава нова фактура која се однесува само на периодот на работењето, која фактура се плаќа не подоцна од осум дена од денот на нејзиното идавање. Во спротивно наплатата на долгот, се врши по судски пат.

Имајќи ја предвид цитираната законска одредба, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар му издаде Фактура бр.2016-100-0139 (наш арх. бр.05-1447/1 од 15.03.2016 година), со која радиодифузерот имаше обврска да го плати износ од 2.181,00 денар (двеилјадистоиосумдесетиеден) денар, која фактура се однесуваше само на периодот на работењето - од 05.01.2016 година до 29.02.2016 година.

Со оглед дека ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар не го плати надоместокот за дозволата, во предвидениот рок - 8 дена од денот на издавањето на Фактурата бр.2016-100-0139 (наш арх. бр.05-1447/1 од 15.03.2016 година), а согласно член 14 од Законот за управните спорови, тужбата по правило, не го спречува извршувањето на управниот акт против кој е поднесена, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја реализираше наплатата на долгот на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар за надоместокот за дозволата по оваа Фактура, согласно Законот за извршување.

Против Одлуката на Советот на Агенцијата, Уп1 бр.08-55 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата, бр.08-97 од 05.01.2015 година, за радио емитување, ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар до Управниот суд поднесе Тужба за поведување на управен спор, У-3.бр.301/2016.

По повод тужбата за поведување на управен спор, во законски предвидениот рок, Агенцијата достави Одговор на Тужба наш Уп1 бр.08-55 од 11.05.2016 година, во кој даде одговор и достави докази во границите на тужбеното барање, и тоа: Е-маил од Агенцијата - испратен од Референт за архивско и канцелариско работење при Секторот за информатичка поддршка и општи работи на 13.01.2016 година до ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар; Одлуката на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.08-55 од 07.03.2016 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, бр.08-97 од 05.01.2015 година („Службен весник на Република Македонија", бр.46/16); Тековна состојба за ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, бр.0805-50/150020160124256 од 26.04.2016 година, издадена од Централниот регистар на Република Македонија; Фотокопија од ковертот и картонче, RA014625151MK, со кој Агенцијата направила обид за достава на Известувањето Уп1 бр.08-55 од 17.02.2016 година за иницирана постапка за одземање на дозволата на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар на неговото седиште согласно Тековната состојба издадена од Централниот Регистар на Република Македонија; Фотокопија од ковертот и картонче, RA035829328MK, со кој Агенцијата направила обид за достава на Одлуката бр.08-55 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО МЕРЛИН

ДООЕЛ Дебар на неговото седиште согласно Тековната состојба издадена од Централниот Регистар на Република Македонија; Е-маил од Агенцијата - испратен од Соработник во Одделението за нормативно-правни работи при Секторот за правни и економско-финансиски работи на 29.02.2016 година до ТРД Мерлин ДООЕЛ Дебар, со кој Агенцијата му го доставила Известувањето бр.УП 1 бр.08-55 од 17.02.2016 година за покренување на постапка за одземање на дозволата; Е-маил од Агенцијата - испратен од Раководителот на Одделението за економско-финансиски работи при Секторот за правни и економско-финансиски работи на 25.02.2016 година до ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар; Е-маил од Агенцијата - испратен од Раководителот на Одделението за економско-финансиски работи при Секторот за правни и економско-финансиски работи на 21.03.2016 година до ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, со кој е известен за одземањето на дозволата и со кој му е доставена фактура за надоместокот за дозволата која се однесува само на периодот на работењето и Е-маил од ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар до Агенцијата - Раководителот на Одделението за економско-финансиски работи при Секторот за правни и економско-финансиски работи, испратен на 7-ми април 2016 година.

Управниот суд на седницата на советот одржана на 07.04.2017 година донесе Пресуда У-3 бр.301/2016 од 07.04.2017 година со која Тужбата на тужителот ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ од Дебар се уважува, а Одлуката на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Уп1 бр.08-55 од 07.03.2016 година за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ од Дебар, се поништува. Управниот суд не се впуштил во утврдување на фактичката состојба, туку само ја поништил Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-55 од 07.03.2016 година за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, поради процесни причини, односно од причина што не му биле доставени сите списи по предметот, без кои списи не можел да утврди дали правилно била спроведена постапката за одземање на дозволата на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во законски предвидениот рок преку Државното правобранителство на Република Македонија поднесе Жалба (наш Уп 1 бр.08-55 од 07.07.2017 година) на Пресудата У-3 бр.301/2016 од 07.04.2017 година, со која му предложи на Вишиот управен суд Жалбата да ја уважи во целост и побиваната Пресуда У-3.бр.301/2016 од 07.04.2017 да ја преиначи така што ќе го одбие тужбеното барање како неосновано во целост, а Одлуката на Агенцијата за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радифузното друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар бр.08-55 од 07.03.2016 година ја потврди или да ја укине Пресудата У-3.бр.301/2016 од 07.04.2017 и предметот да го врати на повторно судење на првостепениот суд. Кон жалбата Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги приложи: Одговор на тужба Уп1 бр.08-55 од 11.05.2016 година; Известување од Државен завод за статистика на Република Македонија бр.27-2672 (наш арх.бр. 05-7019/2) од 15.12.2015 година до Агенцијата; Фактура за надоместокот за дозволата за радио емитување бр.2016-100-0087 (наш.арх.бр.05-190/1 од 08.01.2016 година); Е-маил од Агенцијата – испратен од Референт за архивско и канцелариско работење при Секторот за информатичка поддршка и општи работи, со кој на 13.01.2016 година е доставена Фактурата бр. 2016-100-0087 (наш.арх.бр.05-190/1 од 08.01.2016 година) на е-маил адреса на која тужителот остварува кореспонденција со Агенцијата; Правилник за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија", бр.172/14); Правилник за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програми („Службен весник на Република Македонија", бр.172/14); Табела 1: Вкупно население, домаќинства и станови во Република Македонија од Државен завод за статистика, "Начин на пресметка и начин на плаќање на надоместоците"

прилог број 4 на издадената дозвола за радио емитување на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ од Дебар, бр.08-97 од 05.01.2015 година; Писмен извештај за извршен административен надзор бр.05-864/1 од 12.02.2016 година; Предлог Уп1 бр. 08-55 од 15.02.2016 година за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ од Дебар, бр.08-97 од 05.01.2015 година; Заклучок од 7-та одржана седница на Советот на Агенцијата бр.02-871/27 од 16.02.2016 година, Известување до тужителот Уп1 бр.08-55 од 17.02.2016 година; Фотокопија од ковертот и картонче, RA014625151MK, со кој Агенцијата направила обид за достава на Известувањето Уп1 бр.08-55 од 17.02.2016 година за иницирана постапка за одземање на дозволата на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар на седиштето на тужителот согласно Тековната состојба издадена од Централниот Регистар на Република Македонија; Е-маил од Агенцијата - испратен од Соработник во Одделението за нормативно-правни работи при Секторот за правни и економско- финансиски работи на 29.02.2016 година до ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар; Заклучок од 10-та седница на Советот на Агенцијата бр.02-1148/12 од 07.03.2016 година, Предлог Уп1 бр.08-55 од 29.02.2016 година за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ од Дебар; Одлука на Агенцијата, Уп1 бр.08-55 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ од Дебар, бр.08-97 од 05.01.2015 година; Правилник за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата, бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година; Фактура за надоместокот за дозволата за радио емитување бр.2016-100-0139 (наш.арх.бр.05-1447/1 од 15.03.2016 година) на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ од Дебар; Тековна состојба за Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, бр.0805-50/150020160124256 од 26.04.2016 година, издадена од Централниот регистар на Република Македонија; Фотокопија од ковертот и картонче, RA035829328MK, со кој Агенцијата направила обид за достава на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар на седиштето на тужителот согласно Тековната состојба издадена од Централниот Регистар на Република Македонија; Е-маил од Агенцијата - испратен од Соработник во Одделението за нормативно-правни работи при Секторот за правни и економско- финансиски работи на 29.02.2016 година до ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар; Е-маил од Агенцијата - испратен од Раководител на Одделението за економско-финансиски работи при Секторот за правни и економско- финансиски работи на 25.02.2016 година до ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар; Е-маил од Агенцијата - испратен од Раководител на Одделението за економско-финансиски работи при Секторот за правни и економско - финансиски работи на 21.03.2016 година до ТРД РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, со кој му е доставена фактура за надоместокот за дозволата која се однесува само на периодот на работењето и Е-маил од тужителот до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуга - Раководителот на Одделението за економско-финансиски работи при Секторот за правни и економско- финансиски работи на 7-ми април 2016 година.

Вишиот управен суд, на седницата одржана на 19.12.2017 година донесе Пресуда УЖ-2.бр.837/2017 година (наш Уп1 бр.08-55 од 09.01.2018 година) со која Жалбата на Агенцијата се одбива како неоснована, а Пресудата на Управниот суд У-3.бр.301/2016 година од 07.04.2017 година (со правосилност на одлуката од 19.12.2017 година) се потврдува.

Согласно член 52 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија", бр.62/06 и 150/10), кога судот ќе поништи акт против кој бил поведен управен спор, предметот се враќа во состојба во која се наоѓал пред да е донесен поништениот акт. Ако според природата на работата што била предмет на спорот, место поништениот управен акт треба да се донесе друг,

надлежниот орган е должен да го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на доставување на пресудата.

Имајќи ја предвид напред образложената фактичка состојба, по повод Пресудата на Управниот суд У-3 бр.301/2016 година (наш Уп1 бр.08-55 од 30.06.2017 година) со правосилност од 19.12.2017 година, потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УЖ-2.бр.837/2017 од 19.12.2017 година (наш Уп1 бр.08-55 од 09.01.2018 година), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при повторно одлучување утврди дека имателот на дозволата - Трговско радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, не ја исполнил законската обврска пропишана во член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, бр.08-97 од 05.01.2015 година, за периодот од 05.01.2016 година заклучно со 04.01.2017 година на сметка на Агенцијата, согласно Фактурата бр.2016-100-0087 од 08.01.2016 година (наш.арх.бр.05-190/1).

Следствено на наведеното, Советот на Агенцијата на 4-та седница одржана на 05.02.2018 година, согласно Заклучокот бр.02-566/3 од 05.02.2018 година, донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување, бр.08-97 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, поради тоа што имателот на дозволата не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, како и за сторнирање на Фактурата бр.2016-100-0087 (наш бр.05-190/1 од 08.01.2016 година) за надоместокот за дозволата за радио емитување бр.08-97 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар.

Согласно член 84 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Одлуката за одземање на дозвола за телевизиско или радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, бр.08-97 од 05.01.2015 година е конечна. Против одлуката за одземање на дозволата, Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар, има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар;
- Агенција за електронски комуникации.